Врз основа на член 23 став (1) точка 4) од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година, бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и бр.01-209/1 од 30 јануари 2023 година, член 140 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22) и член 9 став (5) од Правилата за снабдување со природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/19), постапувајќи по Барање за одобрување на Потсетник за потрошувачите на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони - Скопје бр. 11-2451/1 од 21.11.2023 година, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 11 јануари 2024 година донесе

15.01.2024

09 80/6

Бр./Nr. 11-2451/2
11-01-2024

**РЕШЕНИЕ**

**за одобрување на Потсетник за потрошувачи на снабдувач со природен гас**

1. Се одобрува формата и содржината на Потсетникот за потрошувачи на снабдувачот со природен гас на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони – Скопје, бр. 11-2451/1 од 21.11.2023 година.
2. Одобрениот Потсетник за потрошувачи од точка 1 од ова Решение е составен дел на ова Решение.
3. Се задолжува снабдувачот со природен гас, Дирекција за технолошки индустриски развојни зони – Скопје пред склучување на договори за снабдување со природен гас, на потрошувачите навремено да им обезбеди примерок од Потсетникот за потрошувачите од точка 1 од ова Решение.
4. Се задолжува снабдувачот со природен гас, Дирекција за технолошки индустриски развојни зони – Скопје одобрениот потсетник за потрошувачите од точка 1 од ова Решение да го објави на својата веб страница.
5. Ова решение се доставува до Дирекција за технолошки индустриски развојни зони – Скопје.
6. Ова решение влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**Образложение**

Врз основа на член 140 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22), и член 9 став (1) и (2) од Правилата за снабдување со природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/19), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони - Скопје на 21 ноември 2023 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на потсетник за потрошувачите бр. 11-2451/1 од 21.11.2023 година.

Согласно 140 став (3) од Законот за енергетика и член 9 од Правилата за снабдување со природен гас, снабдувачот со природен гас по претходно одобрување од Регулаторна комисија за енергетика, на своите потрошувачи им обезбедува копија од потсетник за потрошувачи, која содржи практични информации за правата на потрошувачите и ја објавува на својата веб страницата.

Во член 8 став (1) од Правилата за снабдување со природен гас е уредено дека пред склучувањето на договорот за снабдување со природен гас, секој снабдувач навремено му обезбедува на потрошувачот примерок од потсетникот за потрошувачите, кој содржи практични информации за правата на потрошувачите презентирани на јасен и недвосмислен начин којшто нема

да предизвикува забуна кај потрошувачот и нема да го доведе во заблуда при изборот да склучи, или да го раскине или продолжи постоечкиот договор за снабдување.

На ден 11 јануари 2024 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која се одобри Потсетникот за потрошувачи кој е во прилог на ова Решение.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 11-2451/2**
**11 јануари 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

Изработил: Бојана Стојчевска
Контролирал: Далибор Митровски
Виолета Чокузовска
Одобрил: Јулијана Димоска-Исајлоска
Биљана Дуковска Вердер

**ПРИЛОГ:** Потсетник за потрошувачи на снабдувачот со природен гас на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони – Скопје